ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ВОДОСТОПАНСТВО
ЛИСИЧЕ
Бр. 03-2571
30.05.2022 год.
ВЕЛЕС

# ДОГОВОР ЗА НАБАВКА НА СТОКИ

склучен на ден 30.05.2022 г. помеѓу:

0304-1/32
30.05.22 год.
ВЕЛЕС

А. Јавно претпријатие за водостопанство "Лисиче"-Велес со ЕДБ 4004001112112 со седиште на ул. "Вардарска" бб. Во Велес застапувано од Директор Панче Иванов од една страна и
Б. ДПТУ Малина Велес увоз-извоз Дооел Велес со ЕДБ 4004009502866 и ЕМБС 6452043 со седиште на ул. "Вардарска" бр. 36 во Велес застапувано од Управител Румен Смилевски од друга страна.

Член 1

Предмет на овој договор е Набавка на прехранбени производи за вработените на ЈПВ Лисиче-Велес во ноќна смена (конзерви туна, месен нарезак, паштети, шунка во црево, роштил колбаси, готови јадења, други сувомеснати производи, риба сардина, топено сирење и други млечни призводи), според важечките цени на ДПТУ Малина Велес.

Член 2

ДПТУ Малина Велес е должен да изврши испорака на стоките истиот ден од доставувањето листа на бараните артикли.

Начинот на плаќање е 30 дена по доставена фактура.

Член 3

Вкупната вредност на набавената стока изнесува 61.000, оо (шеесетиеднаилјада)денари без вклучен ДДВ од 18 %, а ДДВ е 10.980,00 или вкупно 71.980,00 денари.

Член 4

Времетраењето на овој Договор е со важност од една година од денот на склучувањето или со истрошувањето на средствата, а испораката на стоки ќе се одвива сукцесивно во рамките на проценетата вредност.

Член 5

Кога по приемот на стоката ќе се покаже дека стоката има некој недостаток што не можел да се открие со вообичаен преглед при превземањето на стоката(скриен недостаток), ЈПВ Лисиче-Велес е должен за тој недостаток да го извести ДПТУ Малина Велес во рок од осум дена, сметајќи од денот кога го открил недостатокот.

ДПТУ Малина Велес не одговара за недостатоците што ќе се покажат откако ќе изминат шест месеци од предавањето на стоката, освен ако со овој договор не е определен подолг период.

Член 6

Ниту една договорна страна нема право своите обврски да ги пренесе на трета страна без взаемна писмена согласност.

Член 7

Врз евентуалните спорови кои би произлегле од овој Договор ќе се применуваат важечките прописи на Република Северна Македонија, во спротивно стварно и месно надлежен е Основниот суд во Велес.

Член 8

За се што не е предвидено во овој договор, ќе се применува Законот за облигациони односи и позитивните важечки прописи во Република Северна Македонија.

Член 9

Овој договор е составен во 4(четири) примероци, од кои 2(два) примерока задржува секоја странка. Стапува на сила со денот на неговото потпишување.

ДОГОВОРНИ СТРАНИ:

ЈПВ Лисиче-Велес

Застапувано од Директор

Панче Иванов

ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ВОДОСТОПАНСТВО ЛИСИЧЕ ВЕЛЕС

ДПТУ Малина Велес ДООЕЛ Велес

Застапувано од Управител

Румен Смилевски